Друштво за телекомуникациски услуги
ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДОО увоз-извоз
Бр. 03-146/1
30.12. 2022 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-13357/1
Датум: 29-12-2022

АНЕКС НА ДОГОВОР
за ИПВПН податочна мрежа за пренос на податоци за потребите на трезорското работење број 03-9989/1 од 04.11.2021 година и број 03-116/1 од 05.11.2021 година

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на бул.„Киро Глигоров“ бр.4 Скопје, претставувано од Горан Гацов, во својство на управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

Член 1

Предмет на овој Анекс на Договор е измена на одредбите на Договорот за ИПВПН податочна мрежа за пренос на податоци за потребите на трезорското работење број 03-9989/1 од 04.11.2021 година и број 03-116/1 од 05.11.2021 година, во согласност со член 21 од договорот и член 119 став 1 точка 3 и став 2 од Законот за јавните набавки.

Член 2

Во членот 3 ставовите 4, 5 и 6 се менуваат и гласат:

„Вкупната вредност на договорот изнесува 1.821.190,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 327.814,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 2.149.004,00 денари.“


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 629
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Член 3

Во член 5 став 1 зборовите „14 (четиринаесет) месеци“ се менуваат и гласат: „16 (шеснаесет) месеци и 24 (дваесетичетири) денови“.

Член 4

Во член 6 зборовите „14 (четиринаесет) месеци“ се менуваат и гласат: „16 (шеснаесет) месеци и 24 (дваесетичетири) денови“.

Член 5

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

Член 6

Овој Анекс на Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 7

Овој Анекс на Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примерока за носителот на набавката и 2 (два) примероци за договорниот орган.

Договорен орган:
Министерство за финансии

Министер за финансии
Dr.Fatmir Besimi

Носител на набавката:
Друштво за телекомуникациски услуги
ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДОО увоз-извоз
Скопје

Управител
Горан Гацов

Изработил: Валентина Никодиноска
Контролирал: Билент Мустафоски
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска - Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст